Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.** 02 - 130/1
**1.4.2021 година**

Врз основа на член 63 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски Гласник бр.467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020) и добиените Овластување бр.13-678/2 од 19.8.2020 година и Овластување бр.13-398/2 од 11.3.2021 година од ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, деканот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на ден 8.3.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за издавање под закуп дел од недвижен имот

Член 1

СЕ издава под закуп дел од недвижен имот кој претставува простор лоциран во зградата на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, на адреса: ул.„16-та Македонска бригада“ бр.1-Скопје, Гази Баба, ИЛ бр. 1030, КО Гази Баба, за вршење на дејност поврзана со подобрување на условите на студентите и вработените на факултетот и тоа:

- просторна локација со површина од **18 м², со намена фотокопирница**.
- просторна локација во сутеренскиот дел со површина од **77 м², со намена бифе**.

Член 2

Се формира Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на недвижен имот, во состав:

1. Габриела Стојковска - претседател
2. проф. д-р Македонка Стојановска - член и
3. вонр. проф д-р Иван Минчев – член

Заменици членови:

1. проф. д-р Никола Николов - зам.претседател
2. вонр. проф. д-р Бојан Симовски - зам.член
3. асистент д-р Михајло Ристески - зам.член

Член 3

3. Комисијата да ја спроведе постапката согласно одредбите од Правилникот за постапката за издавање под закуп на недвижниот имот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) (Универзитетски гласник број 400/2018).

Член 4

4. Со оваа одлука престануват да важат Одлуката бр.02-93/1 од 8.3.2021 година и Одлуката бр.02-109/1 од 18.3.2021 година донесени од деканот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Член 5

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 6

**Доставено до**: комисијата, архива, секретар

**Декан**

**проф.д-р Кирил Сотировски**